РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 09-9611/1
15-06-2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 21, став (1), алинеја 3 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/14), Советот на НИПП донесува

# РЕШЕНИЕ

за назначување претседател и членови на работната група за односи со јавноста и комуникации

1. Се формира работна група за односи со јавноста и комуникации во состав од:

- Бурим Амети од Министерството за култура - Управа за културно наследство, претседател;
- Целал Чајани од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, член;
- Горан Киранџиски од Државниот завод за статистика, член;
- Станко Коруноски од Централниот регистар, член; и
- Стево Серафимов од Стопанската комора на РМ, член.

2. Се задолжува работната група да изготви:

- план за промоција на НИПП во пошироката јавност;
- пропагандни материјали за градење на јавната свест за НИПП; и
- предлог-план за организација на работилници и советувања.

3. Работната група материјалите од точка 2, да ги изготви и да ги достави на мислење до Советот на НИПП до 31 декември 2015 година.

4. За секретар на работната група, од точка 1 на ова решение, кој ќе ги врши работите сврзани со административно-техничката поддршка на групата, се назначува лицето Славчо Србиноски од Агенцијата за катастар на недвижности.

5. Покрај задачите од точка 2, работната група треба да ја поддржува имплементацијата на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- именуваните;
- Агенција за катастар на недвижности - Единица за административно-техничка поддршка на НИПП;
- архива.

Претседател на Советот на НИПП

м-р Владимир Пешевски